**ЈАВЕН ПОВИК бр. 1/2025**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**

**ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ И ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПАРКОТ НА ПРИРОДАТА „ЕЗЕРАНИ“**

Македонско еколошко друштво (МЕД), преку проектот: „Преспа – зелена и сина иницијатива: Зајакнување на заштитата преку истражување, едукација и комуникација“, проект за надворешни активности на Европската Унија, спроведуван од Македонско еколошко друштво во соработка со Општина Ресен и НП Галичица, објавува јавен повик за **изработка на План за управување и годишна програма за Паркот на природата „Езерани“**.

Заинтересираните субјекти потребно е да ја достават целокупната документација по пошта или лично, на начин опишан во документацијата за јавниот повик, на една од следниве адреси на Македонското еколошко друштво:

- Канцеларија Скопје – улица „Тодор Скаловски“ бр.9А, 1000 Скопје
- Канцеларија Ресен - улица „Гоце Делчев“ број 7,7310 Ресен

не подоцна од **03.9.2025 година (среда) до 15:00 часот**, со назнака "**За јавен повик бр. 01/2025“** и текст „да не се отвора пред датумот за евалуација на понудите".

Документација за јавниот повик, вклучувајќи ги и критериумите за евалуација се достапни на интернет страната на Македонско еколошко друштво: www.mes.org.mk

Заинтересираните субјекти може да поставуваат прашање исклучиво во пишана форма на следнава е-пошта: zaec@mes.org.mk најдоцна до 26.8.2025 година.

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА ИЗРАБОТКА НА

# ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ И ГОДИШНА ПРОГРАМА
# ЗА ПАРКОТ НА ПРИРОДАТА „ЕЗЕРАНИ“

## ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЈАВЕН ПОВИК

Скопје, 19 август 2025 година

## ИНСТРУКЦИИ ЗА ЗАИНТЕРИСИРАНИТЕ СУБЈЕКТИ

### 1. Предмет на договорот

Предмет на договорот за обезбедување на услуги е **Изработка на План за управување и годишна програма за Паркот на природата „Езерани“**.

Детален опис на предметот на набавката е даден во техничката спецификација - Проектна задача во Прилог 1 на оваа документација.

### 2. Договорен орган

Договорен орган е Македонско еколошко друштво Скопје со седиште на адреса: Архимедова бр. 5, 1000 Скопје. Лице за контакт кај договорниот орган е м-р Даниела Заец, со електронска адреса: zaec@mes.org.mk

### 3. Начин за доделување на договорот за обезбедување на услуги

Договорот за обезбедување на услуги ќе се додели со спроведување на постапка согласно интерните правила за спроведување постапки за доделување на договори во МЕД, опишани во Правилникот за финансии и сметководство од 2021 година.

### 4. Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано правно лице од Република Северна Македонија регистрирано за услуги поврзани со темата на постапката за доделување договори или група на понудувачи која ја претставува такво правно лице.

Понудувачите (или стручно лице/стручни лица од тимот на понудувачот) што имаат една или повеќе негативни референци немаат право на учество или ќе бидат исклучени од постапката. Негативните референци може да се издадени или од страна на донаторот на овој проект, други донатори во полето на животната средина во Република Северна Македонија или од Бирото за јавни набавки (Министерство за финансии).

Понудувачот во рамките на истата постапка за доделување на договор може да учествува само со една понуда. Доколку еден понудувач се јавува во повеќе од една понуда сите такви понуди ќе бидат отфрлени.

Лица што учествувале во изготвување на документацијата за постапката за доделување договор не може да учествуваат како понудувачи или членови на заедничка група во постапката за доделување договор.

### 5. Трошоци за поднесување на понуда

Понудувачот е одговорен за сите трошоци поврзани со подготовка и поднесување на понудата. Договорниот орган што го доделува договорот нема одговорност за овие трошоци без оглед на исходот од постапката за доделување на договорот.

**6. Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за цело времетраење на договорот за набавка.

**7. Спречување на судир на интереси**

Понудувачот не смее, при извршување на договорот, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапката за доделување договор, во текот на спроведувањето на договорот. Во таков случај, договорниот орган што го доделил договорот истиот ќе го раскине.

**8. Појаснување, изменување и дополнување на проектната задача**

Секое барање, информација и објаснување за проектната задача и други документи во процесот може, преку електронска пошта, да се испрати на zaec@mes.org.mk заклучно со 26.8.2025 година. МЕД ќе одговори најдоцна во рок од 5 дена од приемот на пораката.

Македонското еколошко друштво, како договорен орган, го задржува правото најдоцна 7 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни проектната задача која ќе ја објави на ист начин како и претходната проектна задача – јавен повик.

**9. Квалификации на понудувачите**

***I Формални барања***

- Почитување на рокот за поднесување на понуди – понудите мора да се достават во наведениот рок
- Почитување на формата – понудите мора да се достават на образецот кој е даден во Прилог 2.

***II Утврдување на способноста*** – Следните критериуми за способност мора да бидат исполнети. Во спротивно, понудата нема да се разгледува:

- Лична состојба,
- Способност за вршење на професионална дејност, и
- Техничка или професионална способност.

**10. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

10.1 Докажување на лична состојба

За докажување на својата лична состојба, понудувачот доставува Изјава за докажување на способност (дадена во прилог 5) или ги доставува следниве документи:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 10.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

### 10.2 Способност за вршење на професионална дејност

За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, понудувачот треба да достави документ за регистрирана дејност / Потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, во оригинал или копија заверена на нотар.

### 10.3 Докажување на техничка или професионална способност

Понудувачот го докажува исполнувањето на техничката или професионална способност со задолжително доставување на следнава документација:

- профил на економскиот оператор;
- референтна листа на успешно реализирани минимум седум (7) проекти од областа на зачувување на природата во изминатите 20 години, од кои минимум два (2) за изработка на планови за управување
- Образовни и професионални квалификации на сите членови од понудениот тим на експерти (CV).

<u>10.3.1 Образовни и/или професионални квалификации на понудениот тим на експерти потребни за извршување на предметот на набавката:</u>

1. *Тим лидер и главен координатор*
   - потребно образование минимум м-р на биолошки или сродни науки
   - најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја
   - учество во најмалку 5 (пет) исти или слични проекти.
2. *Клучен експерт за фауна*
   - потребно образование д-р на биолошки науки
   - најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја
   - учество во изработка на најмалку 3 (три) планови за управување.
3. *Клучен експерт за флора и хабитати*
   - потребно образование д-р на биолошки науки
   - најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја
   - учество во изработка на најмалку 3 (три) планови за управување.
4. *Клучен експерт за шумски живеалишта*
   - потребно образование д-р на шумарски науки
   - најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја
   - учество во изработка на најмалку 3 (три) планови за управување.
5. *Клучен експерт за овоштарство*
   - потребно образование д-р на земјоделски науки
   - најмалку 10 години работно искуство во областа на овоштарство
   - учество во најмалку 2 (два) исти или слични проекти.
6. *Клучен експерт за загадување*
   - потребно образование д-р на хемиски или технолошки науки
   - најмалку 10 години работно искуство во областа на заштита на животната средина
   - учество во најмалку 3 (три) исти или слични проекти
7. *Клучен експерт за води*
   - потребно образование д-р по технички науки (хидрогеологија, хидрологија)
   - најмалку 10 години работно искуство во областа
   - учество во најмалку 3 (три) исти или слични проекти
8. *Клучен експерт за информирање, подигање на јавна свест и едукација*
   - потребно образование миниум додипломски студии на општествени или технички науки
   - најмалку 10 години работно искуство во областа на заштита на животната средина и природата
   - учество во најмалку 3 (три) исти или слични проекти
   -

Дополнително, економскиот оператор пожелно е да обезбеди експерти од следниве области: ревитализација на природни живеалишта, географски информациски системи (ГИС), локален економски развој, управување со пожари, туризам, како и експерт за раководење, управување, финансирање и администрација со ЗП.

10.3.2 Документи за докажување на образовни и/или професионални квалификации на експертите

Учество на сите експерти во проекти исти и/или слични на предметот на набавка ќе се утврди од доставенота биографија (CV).

Напомена: CV-то да биде составено и потпишано од самиот експерт од областа и да биде потврдено со печат и потпис од понудувачот.

Како докази за образовните и професионалните квалификации на експертите да се достават дипломи, сертификати, потврди, лиценци или било кој друг доказ издаден од правни лица со кои се потврдува успешното стекнување на квалификациите.

Релевантното искуство на експертот во областа се докажува со листа на референци соодветна на барањата на овој повик како и контакт од нарачатели каде истите биле ангажирани/вработени, а кои можат да ја потврдат референцата.

Напомена: Листата на референци од соодветните области на предложените клучни експерти ќе се бодираат како елемент „квалитет“ од критериумот за избор на најповолна понуда.

Комисијата има право, доколку е потребно, да ги контактира лицата наведени во референците, заради потврда за учеството на експертот во конкретен проект.

10.3.3 Достапност на лицата одговорни за извршување на задачите предмет на договорот

Експертите не мора да бидат постојано вработени кај понудувачот, туку постои можност и за ангажирање на надворешен експерт/и, како и ангажирање од друга компанија/организација доколку не постои таков профил во рамките на понудувачот. Ваквата ситуација може да се регулира со приложување на Изјава за вклученост во тимот, потпишана и заверена од понудувачот.

Ангажирање на еден ист експерт во повеќе различни области е дозволено (групирање на човечки ресурси), доколку истиот ги исполнува критериумите за утврдување на способноста (квалификациите) поединечно.

Ако понудувачите поднесат понуда како група на понудувачи, техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата заедно и задолжително се доставува договор за групна понуда со распределба на активностите од проектната задача, за секоја договорна страна посебно.

## 11. Содржина на понудата

### 11.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во проектната задача. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот на понуда во прилог на оваа документација. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

### 11.2. Елементи на понудата

Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната проектна задача и се состои од следниве елементи:

- Пополнет Прилог 2 (Образец на понудата) со потпис и печат на понудувачот;
- Прилог 3 со потпис и печат на понудувачот;
- Документи за докажување на личната состојба (или пополнета Изјава од Прилог 6), професионална дејност, како и техничка или професионална способност;
- Методологија за изработка на План за управување и годишна програма за Паркот на природата „Езерани“;
- Финансиска понуда (Прилог 4 – Финансиската понуда мора да се пополни без никакви измени на нејзината форма. Во спротивно понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива);
- Пополнета, со потпис и печат, Изјава за ангажиран експертски тим (Прилог 5) и
- Писмено овластување за претставникот на групата економски оператори (само за група на економски оператори).

Понудувачот, понудата ја изготвува и доставува врз основа на образецот на понуда даден во оваа документација.

Понудувачот задолжително треба да ги користи обрасците дадени во оваа документација при што тие мора да се пополнети без никакви измени на нивната форма. Во спротивно понудата може да биде отфрлена како неприфатлива.

### 11.3 Јазик во понудата

Понудата, како и целосната кореспонденција и документација во врска со понудата се доставуваат на македонски јазик. За странските експерти CV-ја и дипломи на англиски јазик ќе бидат прифатени.

### 11.4 Цена во понудата

- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти што се јавуваат кај понудувачот при извршување на услугата и таа мора да биде изразена без ДДВ;
- Цената мора да биде напишана и со цифри и со букви;

- Во случај на несовпаѓање на цената напишана со бројки и онаа со букви ќе се земе предвид цената напишана со букви;
- Во случај цената да е повисока од предвидената, но понудувачот да ги исполнува сите други критериуми за евалуација, Комисијата за евалуација може да одлучи да ја поништи постапката или да преговара со понудувачот да ја намали цената на понудата. Преговорите ќе започнат со прворангираниот понудувач, а во случај на неприфаќање ќе продолжат со следните понудувачи кои ги исполнуваат критериумите, по редослед на бодовната листа;

11.5 Валута на понудата

Цената во понудата се изразува во македонски денари (МКД).

11.6 Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 30 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од проектната задача ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

11.7 Поднесување на понудата

Понудувачот подготвува еден оригинален примерок во писмена форма и еден електронски примерок од понудата спакувани во еден плик. Понудите пратени по електронска пошта ќе бидат отфрлени. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот или овластено лице од страна на понудувачот.

11.8 Краен рок за доставување на понудите

Краен рок за доставување на понудите е 03.9.2025 година до 15.00 часот. Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета и истата ќе му биде вратена на понудувачот неотворена. Доколку понудите се доставуваат по пошта ќе бидат прфатени понудите со датум на поштенскиот жиг не подоцна од крајниот рок за доставување на понудите. Понудите кои ќе стигнат по датумот на оценување на понудите нема да бидат земени предвид.

11.9 Адреса за доставување на понудите

Заинтересираните субјекти потребно е да ја достават целокупната документација по пошта или лично, на начин опишан во документацијата, на една од следниве адреси на Македонското еколошко друштво:

- Канцеларија Скопје – улица „Тодор Скаловски“ бр.9А, 1000 Скопје
- Канцеларија Ресен – улица „Гоце Делчев“ број 7, 7310 Ресен

### 11.10 Принцип на една понуда

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

## 12. Отварање и евалуација на понудите

### 12.1. Отворање на понудите

Отворањето на понудите нема да биде јавно. Нив ги отвора Комисија за евалуација, најрано пет (5), а најдоцна десет (10) дена по крајниот рок за доставување на понудите.

Во текот на отворањето на понудите се води записник.

### 12.2. Евалуација на понудите

#### 12.2.1. Модел за оцена на понудувачите и понудите

Комисијата за евалуација ги оценува понудувачите и понудите врз основа на следниов модел:

| **ФОРМАЛНИ БАРАЊА (ЕЛИМИНАЦИОНИ)** | |
|---|---|
| Понуда поднесена во бараниот рок | Да/Не |
| Комплетна понуда | Да/Не |

| **КРИТЕРИУМИ ЗА СООДВЕТНОСТ (ЕЛИМИНАЦИОНИ)** | доставени | валидни |
|---|---|---|
| Докази за утврдување на лична состојба (се оценува способноста за сите барања и услови, посебно) | Да/Не | Да/Не |
| Докази за утврдување на способност за вршење професионална дејност | Да/Не | Да/Не |
| Докази за утврдување на техничката или професионалната способност (се оценува способноста за сите барања и услови, и за економскиот оператор и за сите експерти посебно) | Да/Не | Да/Не |

| **КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР Економски најповолна понуда** | 100 бодови |
|---|---|
| Елемент 1 - Карактеристики на квалитет (Техничка понуда) | 70 бодови |
| Елемент 2 – Финансиска понуда | 30 бодови |

Понудувачот мора во целост да се придржува кон формалните барања и критериумите за соодветност, во спротивно понудата нема да се разгледува.

1) Карактеристики на квалитет (Техничка понуда)

Квалитетот за техничката понуда се оценуваат според следната методологија.

- Секој евалуатор засебно го бодува техничкиот квалитет на секоја од понудите кои ги поминале елиминационите барања - Формални барања и Критериуми за соодветност.
- За секоја понуда се пресметува вкупен број бодови за технички квалитет по евалуатор. Овој број бодови се пресметува како збир од бодовите на соодветните поделементи. Детали за начинот на пресметување на бодовите за секој поделемент се дадени подолу.
- Крајниот вкупен број бодови за технички квалитет на секоја понуда се пресметува како средна вредност од поединечните вкупни бодови за технички квалутет на евалуаторите за дадената понуда.

<table>
<tr><td colspan="3">Поделемент 1: Стручност и искуство на понудените експерти<br>xx/40 бодови</td></tr>
<tr><td colspan="3">Поделемент 1 на поделементот 1: Координација – Тим лидер и главен координатор xx/ 5 бодови</td></tr>
<tr><td><u>Прв критериум</u>: <u>М</u>инимум м-р на биолошки или сродни науки<br><br>xx /1 бод</td><td><u>Втор критериум:</u> Најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја<br>xx /1 бод</td><td><u>Трет критериум</u><u>: У</u>чество во најмалку 5 (пет) исти или слични проекти<br><br>xx / 3 бодови</td></tr>
<tr><td><u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u><br>- Ако експертот е м-р добива 0,5 бодови<br>- Ако експертот е д-р добива 1 бод</td><td><u>Начин на евалуација и доделување на бодови</u>:<br>- Ако експертот има 15-20 години искуство, добива 0,5 бодови<br>- Ако има над 20 години искуство добива 1 бод</td><td><u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u><br>- Експертот кој учествувал во најмногу проекти во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 3. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови.</td></tr>
<tr><td colspan="3"><u>Пресметувањето на бодовите за Тим лидер и главен координатор се врши со собирање на бодовите од првиот, вториот и третиот критериум.</u></td></tr>
<tr><td colspan="3">Поделемент 2 на поделементот 1: Клучен експерт за фауна<br>xx/ 5 бодови</td></tr>
<tr><td><u>Прв критериум:</u> Најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја</td><td colspan="2"><u>Втор критериум:</u> Учество во изработка на најмалку 3 (три) планови за управување<br><br>xx /3 Бодови</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **хх /2 Бодови** | |
| **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Ако експертот има 15-20 години искуство, добива 1 бод<br>- Ако има над 20 години искуство добива 2 бодови | **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Експертот кој учествувал во изработката на најмногу планови за управување во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 3. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови. |

**<u>Пресметувањето на бодовите за Клучен експерт за фауна се врши со собирање на бодовите од првиот и вториот критериум.</u>**

**<u>Поделемент 3 на поделементот 1: Клучен експерт за флора и хабитати хх/ 5 бодови</u>**

| | |
|---|---|
| **<u>Прв критериум:</u>** Најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја<br>**хх /2 Бодови** | **<u>Втор критериум</u>**: Учество во изработка на најмалку 3 (три) планови за управување<br><br>**хх /3 Бодови** |
| **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Ако експертот има 15-20 години искуство, добива 1 бод<br>- Ако има над 20 години искуство добива 2 бодови | **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Експертот кој учествувал во изработката на најмногу планови за управување во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 3. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови. |

**<u>Пресметувањето на бодовите за Клучен експерт за флора и хабитати се врши со собирање на бодовите од првиот и вториот критериум.</u>**

**<u>Поделемент 4 на поделементот 1: Клучен експерт за шумски живеалишта хх/ 5 бодови</u>**

| | |
|---|---|
| **<u>Прв критериум:</u>** Најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја<br>**хх /2 Бодови** | **<u>Втор критериум</u>**: Учество во изработка на најмалку 3 (три) планови за управување<br><br>**хх /3 Бодови** |
| **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови</u>**:<br>- Ако експертот има 15-20 години искуство, добива 1 бод<br>- Ако има над 20 години искуство добива 2 бодови | **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Експертот кој учествувал во изработката на најмногу планови за управување во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 3. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата: |

| | |
|---|---|
| | $\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови. |
| **Пресметувањето на бодовите за Клучен експерт за шумски живеалишта се врши со собирање на бодовите од првиот и вториот критериум.** | |
| **Поделемент 5 на поделементот 1: Клучен експерт за овоштарство хх/ 5 бодови** | |
| **Прв критериум:** најмалку 10 години работно искуство во областа на овоштарство<br><br>**хх /2 Бодови** | **Втор критериум**: Учество во најмалку 2 (два) исти или слични проекти поврзани со заштита на природата<br><br>**хх /3 Бодови** |
| **Начин на евалуација и доделување на бодови:**<br>- Ако експертот има 10-20 години искуство, добива 1 бод<br>- Ако има над 20 години искуство добива 2 бодови | **Начин на евалуација и доделување на бодови:**<br>- Експертот кој учествувал во најмногу исти или слични проекти во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 3. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови. |
| **Пресметувањето на бодовите за Клучен експерт за овоштарство се врши со собирање на бодовите од првиот и вториот критериум.** | |
| **Поделемент 6 на поделементот 1: Клучен експерт за загадување хх/ 5 бодови** | |
| **Прв критериум:** најмалку 10 години работно искуство во областа на заштита на животната средина и природата<br>**хх /2 Бодови** | **Втор критериум**: Учество во најмалку 3 (три) исти или слични проекти<br><br>**хх /3 Бодови** |
| **Начин на евалуација и доделување на бодови:**<br>- Ако експертот има 10-20 години искуство, добива 1 бод<br>- Ако има над 20 години искуство добива 2 бодови | **Начин на евалуација и доделување на бодови:**<br>- Експертот кој учествувал во најмногу исти или слични проекти во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 3. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови. |

| |
|---|
| **<u>Пресметувањето на бодовите за Клучен експерт за загадување се врши со собирање на бодовите од првиот и вториот критериум.</u>** |

| **<u>Поделемент 7 на поделементот 1: Клучен експерт за води xx/ 5 бодови</u>** | |
|---|---|
| **<u>Прв критериум:</u>** Најмалку 10 години работно искуство во областа заштита на животната средина и природата<br>**xx /2 Бодови** | **<u>Втор критериум</u>**: Учество во најмалку 3 (три) исти или слични проекти<br>**xx /3 Бодови** |
| **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Ако експертот има 10-15 години искуство, добива 1 бод<br>- Ако има над 20 години искуство добива 2 бодови | **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Експертот кој учествувал во најмногу исти или слични проекти во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 3. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови. |

| |
|---|
| **<u>Пресметувањето на бодовите за Клучен експерт за води се врши со собирање на бодовите од првиот и вториот критериум.</u>** |

| **<u>Поделемент 8 на поделементот 1: Клучен експерт за информирање, подигање на јавна свест и едукација xx/ 5 бодови</u>** | | |
|---|---|---|
| **<u>Прв критериум</u>**: Миниум додипломски студии на општествени или технички науки<br>**xx /1 бод** | **<u>Втор критериум:</u>** Најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на природа и заштитени подрачја<br>**xx /1 бод** | **<u>Трет критериум</u>**: Учество во најмалку 5 (пет) исти или слични проекти<br>**xx / 3 бодови** |
| **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Ако експертот има додипломски студии добива 0,5 бодови<br>- Ако експертот е м-р или д-р добива 1 бод | **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови</u>**:<br>- Ако експертот има 15-20 години искуство, добива 0,5 бодови<br>- Ако има над 25 години искуство добива 1 бод | **<u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u>**<br>- Експертот кој учествувал во најмногу проекти во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 3. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови. |

| |
|---|
| **<u>Пресметувањето на бодовите за Клучен експерт за информирање, подигање на јавна свест и едукација се врши со собирање на бодовите од првиот, вториот и третиот критериум.</u>** |

<table>
<tr><th colspan="2">Поделемент 2: Искуство на компанијата во реализација на исти или слични активности, врз основа на референтната листа<br>xx/15 бодови</th></tr>
<tr><td><u>Прв критериум:</u> Минимум седум (7) проекти од областа на зачувување на природата во изминатите 20 години<br>xx /8 Бодови</td><td><u>Втор критериум</u>: Минимум два (2) за изработка на планови за управување<br><br>xx /7 Бодови</td></tr>
<tr><td><u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u><br>- Доколку има повеќе од една понуда, понудата која има најголем број на проекти од областа на зачувување на природата во последните 20 години, добива најмногу бодови, односно 8. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови</td><td><u>Начин на евалуација и доделување на бодови:</u><br>- Доколку има повеќе од една понуда, понудувачот кој учествувал во изработка на најмногу планови за управување во споредба со останатите, добива најмногу бодови, односно 7. Бодовите на останатите понуди се пресметуваат по формулата:<br>$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Број на реализирани проекти на понудувачот} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Број на проекти на понудувачот со максимален број бодови}}$$<br>- Доколку е единствена понуда и ако е исполнет минималниот услов, се добива максималниот број бодови</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Пресметувањето на бодовите за Поделемент 2 се врши со собирање на бодовите од првиот и вториот критериум.</u></td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>Поделемент 3: Методологија за спроведување на предложените активности<br>xx/15 бодови</th></tr>
<tr><td><u>Начин на евалуација и доделување на бодови</u><br>Секој од евалуаторите, врз основа на експертска проценка за исполнување на барањата во проектната задача од страна на понудувачот, одредува број бодови кои ќе му се доделат на понудувачот за овој поделемент.</td></tr>
</table>

2 ) Финансиска понуда

Цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што максимален број на бодови (30) ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот „цена“ кај другите понуди ќе се пресметаат според следнава формула:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Најниска понудена цена (без ДДВ)} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Понудена цена (без ДДВ)}}$$

12.2.2. Договорот ќе му биде доделен на понудувачот со економски најповолна понуда, односно понудувачот што добил најмногу бодови од сите поделементи од елементот економски најповолна понуда.

12.2.3. Ако е пристигната само една понуда, тогаш таа мора да ги исполнува минималните бодови за елементот од критериумот економски најповолна понуда за да биде избрана за склучување на договор.

12.2.4. Доколку во текот на постапката за доделување договор, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на планираните средства, договорниот орган ќе преговара со понудувачот или ќе ја поништи постапката.

12.2.5. Избраниот понудувач ќе биде запознаен со одлуката по писмен пат, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката.

12.2.6. Понудувачите што не биле одбрани ќе бидат запознаени по писмен пат, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката.

12.2.7. Понудувачите што не биле одбрани имаат право на жалба, во рок од 5 (пет) денови од објавувањето на резултатите.

12.2.8. Информацијата за избраниот понудувач ќе биде објавена на интернет страницата на договорниот орган – Македонско еколошко друштво (МЕД).

12.3. Доверливост на процесот на евалуација на понудите

Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на понудувачите или на кои било други лица што не се службено вклучени во процесот.

12.4. Појаснување на понудите

Поднесување дополнителни документи по истекувањето на рокот не се прифаќа.

Доколку има потреба, Комисијата за евалуација може да побара појаснувања за понудата. Барањето мора да се испрати по електронска пошта, а одговорот на понудувачот мора да биде одговор директно до испраќачот.

## 13. Доделување и склучување на договор

13.1. Нацрт-одлуката за избор на најповолен понудувач ја донесува Комисијата за евалуација заедно со извештајот за евалуацијата, се испраќа до извршниот директор на договорниот орган, кој носи одлука за избор за најповолен понудувач.

13.2. Договорниот орган, по донесување на конечната одлука за избор на најповолен понудувач, договорот му го доделува на понудувачот чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна.

13.3. Договорниот орган ќе го достави договорот до избраниот најповолен понудувач во 4 (четири) примероци на потпишување.

13.4. Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот во рок од 7 (седум) календарски дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен

понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице.

**14. Рок на извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата предмет на договорот во рок од 8 месеци од денот на склучување на договорот за предметната набавка.

**16. Начин на плаќање**

Исплата на финансиските средства за потребите на оваа програмска активност од Македонско еколошко друштво, кон правниот субјект ќе се врши на следниот начин:

1. Со доставување на прва фактура за авансна исплата по потпишување на договорот, најмногу до 40% од вкупната вредност на договорот;
2. Со доставување на втора фактура со изготвена прва нацрт-верзија на Планот за управување со ПП „Езерани“ и со периодичен наративен извештај (претходно одобрен од страна на координаторот на проектот) за напредокот во реализацијата на договорот, во рок од 5 (пет) календарски дена по изминувањето на четвртиот месец сметано од денот на потпишување на договорот, најмногу до 40% од вкупната вредност на Договорот;
3. Со доставување на конечна фактура со изготвена финална верзија на Планот за управување на ПП „Езерани“ и годишна програма одобрена од Општина Ресен и со завршен наративен извештај (претходно одобрен од страна на координаторот на проектот) најдоцна до 31.05.2026 година, на остатокот од 20% од вкупната вредност на Договорот.

Македонско еколошко друштво, на економскиот оператор ќе му ја исплати фактурираната вредност без ДДВ најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на приемот на фактурата во Архивата.

Проектот во рамките на кој се реализира оваа набавка е проект за надворешни активности на Европската Унија и е регистриран во Централната база на податоци на базата на Република Северна Македонија за странска помош (CDAD). Во Договорот помеѓу Владата на РСМ и ЕУ стои клаузулата дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во РСМ, па според тоа проектот е ослободен од ДДВ и вредноста на договорот за набавка, на носителот на набавката од страна на Македонско еколошко друштво, ќе му биде исплатена без вклучен ДДВ.

**17. Поништување на постапката за доделување на договор**

Постапката на доделување на договор може да се поништи во случај кога:

- Не е пристигната ниедна понуда;
- Ниедна понуда не ги исполнува условите за евалуација и
- Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 13.4 од оваа документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот.

Funded by the European Union

EU for Prespa

PONT | PRESPA OHRID NATURE TRUST

**Прилог 1 – Проектна задача**

**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА**

**Изработка на План за управување и годишна програма за Паркот на природата „Езерани“**

**Август, 2025**

PRESPA GREEN & BLUE INITIATIVE

MACEDONIAN ECOLOGICAL SOCIETY

## 1. За проектот „Преспа – зелена и сина иницијатива: Зајакнување на заштитата преку истражување, едукација и комуникација“

Изработката на новиот План за управување на Паркот на природата „Езерани“ (2026-2036) е активности предвидена во проектот „Преспа – зелена и сина иницијатива: Зајакнување на заштитата преку истражување, едукација и комуникација“, финансиран од Европската Унија (ЕУ) и кофинансиран преку Фондот за природа „Преспа - Охрид“ (ПОНТ). Партнери во имплементацијата на проектот се Македонско еколошко друштво, Општина Ресен, Националниот парк „Галичица“, Друштвото за заштита на Преспа (SPP) од Република Грција и Друштвото за заштита и зачувување на природната средина во Албанија (PPNEA) од Република Албанија. Имплементацијата на проектните активности ќе се одвива и во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Националниот парк „Пелистер“. Проектот се имплементира во период од четири години, од 19.03.2025 до 19.03.2029 година.

Главната цел на проектот „Преспа – зелена и сина иницијатива: Зајакнување на заштитата преку истражување, едукација и комуникација“ (натаму „Проектот“) е да се унапреди управувањето со природните ресурси во Преспанскиот регион преку вклучување на заедницата во иницијативи насочени кон еколошки истражувања, едукација, напори за конзервација и комуникациски активности, сè со цел нивно зачувување за идните генерации. Проектот предвидува реализација на обемна програма составена од активности распоредени во четири клучни области: (1)Едукација, (2)Истражување, (3)Заштита и (4)Комуникација. Изработката на нов План за управување вклучително и годишна програма на Паркот на природата „Езерани“ (2026-2036) е дел од третата компонента за „Заштита“, чија специфична проектна цел е спроведувањето на насочени активности за заштита кои ќе доведат до обновување на живите видови, како и до реставрација и отпорност на живеалиштата и екосистемите во Преспа.

## 2. За Парк на природата „Езерани“

Заштитеното подрачје Парк на природата „Езерани“ се простира долж северниот брег на Преспанското Езеро помеѓу селото Асамати и населбата Сирхан, припаѓајќи административно на Општина Ресен. На подрачјето доминираат природни или малку изменети блатни екосистеми кои зафаќаат површина од околу 2000 ha. Подрачјето Езерани е прогласено за Строг природен резерват од страна на Собранието на Република Македонија во 1996 година. На 17.02.2012 година, во согласност со обврската за ревалоризација и репрогласување на сите претходно заштитени подрачја прогласени пред донесување на Законот за заштита на природата во 2004 година, е донесен нов Закон со кој локалитетот Езерани на Преспанското Езеро е прогласен за Парк на природата (Службен

весник на РМ бр. 24/2012 од 17.02.2012). Заштитеното подрачје зафаќа површина од 1917 ha, а за управувач е назначена Општина Ресен.

Во 2012 година беше донесен и првиот формален План за управување на Паркот на природата „Езерани“, со важност од десет години, односно периодот од 2012 до 2021 година. Со неговото истекување, се наметнува потребата од изработка на нов План за управување на Паркот на природата „Езерани“ за нов десетгодишен период од 2026 до 2036 година.

## 3. Обем на задачата

Од економскиот оператор се бара да изработи План за управување на Паркот на природата „Езерани“ (2026-2036) со петгодишен оперативен план за период 2026-2030 годишна како и годишна програма за 2026 година, повикувајќи се на Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата (Службен весник на Р.М бр. 26/2012 од 21.02.2012). Следејќи го Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 26/2012), содржината на Планот за управување на Паркот на природата „Езерани“ (2026-2036) треба да се состои од следните компоненти или основни поглавја на документот:

I. Вовед – каде ќе бидат претставени основните информации за Планот за управување и Проектот во чии рамки е изработен како и резиме на планот;

II. Опис на подрачјето – каде ќе бидат преставени општите информации за Паркот на природата „Езерани“, неговата локација и граници, правната и административна рамка на неговото управување, резимиран опис на неговата физичка и биотичка средина и односот со човековата средина;

III. Евалуација – каде ќе бидат претставени вредностите на биолошката разновидност, вредностите на неговите природни ресурси како извор на приходи и локален економски развој, заканите и предизвиците од човечко и природно потекло кои можат да се појават, како и анализа на капацитетите за управување на Паркот на природата „Езерани“;

IV. Стратегија – каде ќе бидат објаснети долгорочните цели за заштита на Паркот на природата „Езерани“, категоризацијата на заштитени зони (зонирање) и опис на програми и потпрограми за реализација на целите;

V. Оперативен план – каде ќе бидат определени конкретни програмски активности за следните пет години кои што ќе придонесат кон реализација на долгорочните цели за заштита на Паркот на природата „Езерани“ посочени во претходната компонента;

VI. Управување и раководење – каде ќе бидат наведени потребните човечки и технички ресурси за раководење на Паркот на природата „Езерани“ и за имплементација и адаптација на оперативниот план;

VII. Петгодишен буџетски план – каде ќе биде образложена буџетската рамка потребни средства за имплементација на петгодишниот оперативен план, со евалуација на основните финансиски принципи во управувањето на Паркот, изворите на финансирање и потенцијалните ризици од недостаток на средства.

VIII. Комуникациска стратегија – каде ќе бидат објаснети основните комуникациски принципи и пораки за јавно информирање во однос на работата на Паркот на природата „Езерани“.

IX. Годишна програма за заштита на природата за Паркот на природата „Езерани“.

На избраниот понудувач ќе му бидат ставени на располагање претходно изработени анализи и документи поврзани со заштитеното подрачје од страна на МЕД и општина Ресен кои се релевантни за квалитетна изработка на Планот за управување и годишната програма за ПП Езерани

Изработената нацрт-верзија на Планот за управување на ПП „Езерани“ треба да подлежи на јавни расправи со засегнатите страни на кои ќе учествуваат експертите кои учествуваат во изработката на планот, како и претставници на Македонско еколошко друштво, Општина Ресен и МЖСПП. Евентуалните забелешки и коментари поврзани со нацрт-верзијата дадени на јавните расправи ќе треба да се вклучат во изработката на финалната верзија на Планот за управување на ПП „Езерани“.

Сите продукти кои ќе бидат произведени во рамки на овој јавен повик треба да се одобрени од страна на Општина Ресен. Сите продуцирани материјали ќе бидат во сопственост на Македонско еколошко друштво и Општина Ресен заради понатамошно размножување и/или надоградување и истите материјали согласно позитивната законска регулатива се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање. Продуктите од страна на правниот субјект треба да бидат доставени до Македонско еколошко друштво во оригинален (отворен) формат, како и параметрите за влез и управување со електронските производи кои се дел од оваа набавка. Понудата треба да ги вклучува и сите законски документи/процеси кои се потребни за комплетирање на проектната задача.

**4. Цел на задачата**

Изработка на План за управување и годишна програма за Паркот на природата „Езерани“ (2026-2036) кои на Општина Ресен ќе ѝ овозможи одрживо управување на ПП „Езерани“ во десетгодишен период.

**5. Очекувани резултати**

План за управување на Паркот на природата „Езерани“ (2026-2036) изработен според прифатена методологија, заснована на научни и одрживи развојни принципи и во консултација со сите засегнати страни и чинители. Годишна програма за работа на ПП „Езерани“ за 2026 година

## 6. Рок на испорака

Крајниот рок за реализација на оваа набавка е 31 мај 2026 година.

## 7. Мониторинг и евалуација при спроведување на активноста

Мониторингот и евалуација при реализација на оваа активност ќе го врши Македонско еколошко друштво во соработка со Општина Ресен.

## Прилог 2 – Образец за понуда

Врз основа на Јавен повик бр. 1/2025 од страна на Македонско еколошко друштво, во рамки на проектот: „Преспа – зелена и сина иницијатива: Зајакнување на заштитата преку истражување, едукација и комуникација“, за доделување на договор за набавка **Изработка на План за управување и годишна програма за Парк на природата „Езерани“,** со спроведување на постапка, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: ________________________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ________________________________________________________________
- Телефон: _______________________________________________________________
- Е-пошта: _______________________________________________________________
- Лице за контакт:________________________________________________________

I.3. Одговорно лице: ______________________________________________________________

I.4. Даночен број: _________________________________________________________________

I.5. ЕМБС: ____________________________________________________________

I.6. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со Техничката и Финансиската понуда.

I.7. Нашата понудата е составена од следниве делови:

- Пополнет Прилог 2 (Образец на понудата) со поптис и печат на понудувачот;
- Прилог 3 со потпис и печат на понудувачот;
- Документи за докажување на личната состојба (или пополнета Изјава од Прилог 6), професионална дејност, како и техничка или професионална способност;
- Методологија за изработка на План за управување со Парк на природата „Езерани“;
- Пополнет Прилог 4 Финансиска понуда;
- Пополнета, со потпис и печат, Изјава за ангажиран експертски тим (Прилог 5) и
- Писмено овластување за претставникот на групата економски оператори (само за група на економски оператори).

I.8. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во поканата и документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за набавка.

| Место и датум | Одговорно/Овластено лице |
|---|---|
| ___________________ | _____________________________ |
| | (потпис и печат) |

## Прилог 3 – Техничка понуда

3.1 Согласни сме да ги понудиме следниве услуги: Изработка на План за управување и годишна програма за Парк на природата „Езерани“, а во согласност со проектната задача, приложените обрасци на документацијата за јавниот повик и самата документација.

3.2 Се согласуваме со рокот за извршување на услугата утврден во документацијата за јавниот повик.

3.3 Нашата понуда важи за периодот утврден во документацијата за јавниот повик.

3.4 Согласни сме со начинот на извршување на услугата, јазикот на изработка на потребните документи, бројот и начинот за доставување на изработените примероци утврдени во документацијата за јавниот повик.

3.5 Согласно барањата во документацијата за јавниот повик ја доставуваме документацијата со која располагаме, а која е потребна за евалуација на техничката понуда (квалитет).

3.6 Нашата техничка понуда е обврзувачка за нас.

3.7 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во документацијата за јавниот повик и техничките спецификации-проектна задача.

3.8 Со ова ја поднесуваме нашата Техничка понуда, изготвена врз основа на документацијата за јавниот повик.

Место и датум

___________________

Одговорно/Овластено лице

___________________________

(потпис и печат)

## Прилог 4 – Финансиска понуда

4.1

| Опис на предметот | | | Вкупна цена (без ДДВ) |
|---|---|---|---|
| **Изработка на План за управување и годишна програма за Парк на природата „Езерани“** | | | |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:
_____________________________________

*[со бројки]*

_______________________________________________________________________ денари.

*[со букви]*

4.2. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во документацијата за јавниот повик.

4.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во документацијата за јавниот повик.

4.4. Со ова ја поднесуваме нашата Финансиска понуда, изготвена врз основа на документацијата за јавниот повик.

| Место и датум | Одговорно/Овластено лице |
|---|---|
| ___________________ | ____________________________ |
| | (потпис и печат) |

## Прилог 5 – Образец на Изјава за ангажиран експертски тим

**Изјава за лица одговорни за извршување на задачите предмет на договорот, по Јавен повик бр. 1/2025**

Изјавувам дека од ______________________________________________________ **(назив на понудувачот)** за реализација на предметот на набавката по Јавен повик бр. 1/2025 односно за извршување на задачите, предмет на договорот за **Изработка на План за управување за Парк на природата „Езерани“** ќе биде ангажиран следниот тим:

**1) _________________________________, вработен/ангажиран во нашата институција, ќе биде**

**(име и презиме на назначеното лице) (да се заокружи дали е вработен или ангажиран)**

**одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача Тим лидер и главен координатор.**

**2) _______________________________, вработен/ангажиран во нашата институција, ќе биде**

**(име и презиме на назначеното лице) (да се заокружи дали е вработен или ангажиран)**

**одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача Клучен експерт за фауна.**

**3) ________________________________, вработен/ангажиран во нашата институција, ќе биде**

**(име и презиме на назначеното лице) (да се заокружи дали е вработен или ангажиран)**

**одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача експерт Клучен експерт за флора и хабитати.**

**4) ________________________________, вработен/ангажиран во нашата институција, ќе биде**

**(име и презиме на назначеното лице) (да се заокружи дали е вработен или ангажиран)**

**одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача експерт Клучен експерт за шумски живеалишта.**

**5) ________________________________, вработен/ангажиран во нашата институција, ќе биде**

**(име и презиме на назначеното лице) (да се заокружи дали е вработен или ангажиран)**

**одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача експерт Клучен експерт за овоштарство.**

**6) ________________________________, вработен/ангажиран во нашата институција, ќе биде**

**(име и презиме на назначеното лице) (да се заокружи дали е вработен или ангажиран)**

**одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача експерт Клучен експерт за загадување.**

**7) ________________________________, вработен/ангажиран во нашата институција, ќе биде**

**(име и презиме на назначеното лице) (да се заокружи дали е вработен или ангажиран)**

**одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача експерт Клучен експерт за води.**

**8) _________________________________, вработен/ангажиран во нашата институција, ќе биде**

**(име и презиме на назначеното лице) (да се заокружи дали е вработен или ангажиран)**

**одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача експерт Клучен експерт за информирање, подигање на јавна свест и едукација.**

**(доколку понудувачот вклучува и дополнителни експерти, истите да се додадат кон овој список според истиот урнек, продолжувајќи со реден број 9.)**

Горенаведените лица, одговорни за извршување на задачите предмет на договорот, ќе бидат ангажирани и достапни за цело времетраење при реализација на договорот.

Предложените лица за извршување на задачите предмет на договорот се исклучиво ангажирани само за оваа цел и нема да бидат ангажирани од друг економски оператор за извршување на задачите предмет на конкретната набавка, односно нема да учествуваат во друга понуда за извршување на задачите предмет на договорот за набавка, во спротивно прифаќаме Нашата понуда да биде отфрлена како неприфатлива.

Место и датум

___________________

Одговорно/Овластено лице

____________________________

(потпис и печат)

## Прилог 6 – Изјава за докажување на способноста

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за
______________________________________________________________

[се наведува назив на економскиот оператор]

не постојат причини за исклучување од постапката, како и дека во целост ги исполнува бараните услови за утврдување на способноста наведени во документацијата за реализација на предметот на набавката по Јавен повик бр. 1/2025 а доделување на договор за набавка за услуги за Изработка на План за управување и годишна програма за Парк на природата „Езерани“ објавен од страна на Македонско еколошко друштво (МЕД).

Истовремено изјавувам дека ги имам на располагање сите потребни документи за докажување на исполнувањето на бараните услови, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум | Одговорно/Овластено лице

___________________ | ___________________________

(потпис и печат)